# ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА АД - ДЕБАР

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2022 и Извештај на независниот ревизор

Скопје, Мај 2023 година

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор до<br>акционерите на ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар | |
| Одговорност на раководството | 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 5 |
| Извештај за финансиската состојба | 6 |
| Извештај за промените во главнината | 7 |
| Извештај за паричните текови | 8 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 9-22 |

**Прилози**

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето на Друштвото согласно Законот за трговските друштва

Годишна сметка

Годишен извештај за работењето на Друштвото

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

Членка на HLB
WE ARE AN INDEPENDENT MEMBER OF THE GLOBAL ADVISORY AND ACCOUNTING NETWORK

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е-маил: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА АД - ДЕБАР**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА АД ДЕБАР (Натаму: Друштвото) коишто го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2022 година, како и соодветниот Извештај за сеопфатна добивка, Извештајот за промените во главнината и Извештајот за паричните текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија
Членка на HLB
WE ARE AN INDEPENDENT MEMBER OF THE GLOBAL ADVISORY AND ACCOUNTING NETWORK

**ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е-маил: info@rafajlovski.com.mk**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦАПА АД - ДЕБАР**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31 Декември 2022 година, како и на неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2022 година во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски податоци објавени во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината којашто завршува 31 Декември 2022 година, во согласност со МРС 720 кој е прифатен и објавен во Република Северна Македонија, како и во согласност со барањата на член 34 став 1 точка (д) од Законот за ревизија.

Според нашето мислење историските финансиски податоци изнесени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината којашто завршува на 31 Декември 2022 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Скопје 19 Мај, 2023 година

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ | Директор |
|---|---|---|
| Донка Јанев | | Јасмина Рафајловска |

**ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО**
**ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

Приложените Финансиски извештаи на ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар, на страниците 5 до 8 и Белешките кон истите на страниците 9 до 22 се одговорност и се одобруваат од раководството.

Друштвото го води своето сметководство во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Приложените Финансиски извештаи за 2021 година се ревидирани со што е обезбедена нивна споредливост со Финансиските извештаи за 2022 година. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составувањето на финансиските извештаи.

Независниот ревизор, Рафајловски ревизија ДОО - Скопје, беше ангажиран да изврши ревизија на овие Финансиски извештаи и неговиот Извештај е даден на страниците 2 и 3.

Албиона Риза
Главен извршен директор на
ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар

Фатлум Марке
Одговорен за потпишување на финансиските извештаи на
ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## за годината завршена на 31 Декември 2022 и 2021
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | 187.307 | 123.860 |
| Останати оперативни приходи | 5 | 843 | 16.657 |
| Трошоци за суровини и материјали и набавна вредност на продадени стоки | 6 | (60.051) | (51.266) |
| Трошоци за вработените | 7 | (72.081) | (63.968) |
| Амортизација | 11 | (11.580) | (12.273) |
| Останати оперативни расходи | 8 | (16.533) | (8.588) |
| Нето приходи (расходи) од финансирање | 9 | (3.688) | (1.585) |
| ***Добивка/Загуба од редовно работење пред оданочување*** | | ***24.217*** | ***2.837*** |
| Расходи за данок на добивка | 22 | (2.560) | (328) |
| ***Добивка/Загуба за годината од континуирано работење*** | | ***21.657*** | ***2.509*** |
| ***Добивка/Загуба за годината од прекинато работење*** | | - | - |
| ***ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА*** | | ***21.657*** | ***2.509*** |
| *Останата сеопфатна добивка - нето* | | - | - |
| ***ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | ***21.657*** | ***2.509*** |
| ***ЗАРАБОТКА/ЗАГУБА ПО АКЦИЈА (во денари)*** | *10* | ***1.031,28*** | ***119,47*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи***

***Одбор на директори на ден 02.03.2023 година ги одобрил овие финансиски извештаи, а во нивно име се потпишани од:***

Фатлум Марке
Одговорен за потпишување на финансиските извештаи на
ДЕБАРСКИ БАЊИ
ЦАПА АД - Дебар

Албиона Риза
Главен извршен директор на
ДЕБАРСКИ БАЊИ
ЦАПА АД - Дебар

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
## на 31 Декември 2022 и 2021
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности и опрема | 11 | 313.426 | 312.473 |
| Финансиски вложувања | 12 | 310 | 310 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *313.736* | *312.783* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | 13 | 10.396 | 10.725 |
| Побарувања од купувачи | 14 | 1.929 | 1.354 |
| Други краткорочни побарувања | 15 | 15.153 | 1.905 |
| Парични средства | 16 | 14.311 | 27.110 |
| *Вкупно тековни средства* | | *41.789* | *41.094* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***355.525*** | ***353.877*** |
| **Б ГЛАВНИНА** | | | |
| Основна главнина | 17 | 65.241 | 65.241 |
| Законски и други резерви | | 182.976 | 182.976 |
| Акумулирана (задржана) добивка | | (3.954) | (25.611) |
| *Вкупно главнина* | | *244.263* | *222.606* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Долгорочни обврски | 18 | 53.569 | 64.787 |
| *Вкупно нетековни обврски* | | *53.569* | *64.787* |
| **НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 19 | 7.801 | 17.535 |
| Други краткорочни обврски | 20 | 44.068 | 43.125 |
| ПВР | | 5.824 | 5.824 |
| *Вкупно тековни обврски* | | *57.693* | *66.484* |
| *ВКУПНО ОБВРСКИ* | | *111.262* | *131.271* |
| ***ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ*** | | ***355.525*** | ***353.877*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи***

***Одбор на директори на ден 02.03.2023 година ги одобрил овие финансиски извештаи, а во нивно име се потпишани од:***

Фатлум Марке
Одговорен за потпишување на финансиските извештаи на ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар

Албиона Риза
Главен извршен директор на ДЕБАРСКИ БАЊИ ЦАПА АД - Дебар

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 Декември 2022 и 2021
(во 000 Денари)

| **2022** | **Основна главнина** | **Законски и други резерви** | **Акумулирана (задржана) добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2022 година | **65.241** | **182.976** | **(25.611)** | **222.606** |
| Сеопфатна добивка/загуба за 2022 година | - | - | 21.657 | 21.657 |
| **Состојба на 31 Декември 2022 година** | **65.241** | **182.976** | **(3.954)** | **244.263** |

| **2021** | **Основна главнина** | **Законски и други резерви** | **Акумулирана (задржана) добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2021 година | **65.241** | **182.976** | **(28.120)** | **220.097** |
| Сеопфатна добивка/загуба за 2021 година | - | - | 2.509 | 2.509 |
| **Состојба на 31 Декември 2021 година** | **65.241** | **182.976** | **(25.611)** | **222.606** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи***

# ИЗВЕШТАИ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
## за годината завршена на 31 Декември 2022 и 2021
(во 000 Денари)

| | 31 Декември 2022 | | 31 Декември 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | |
| Добивка пред оданочување | 24.217 | | 2.837 | |
| *Корегирано за:* | | | | |
| Амортизација | 11.580 | | 12.273 | |
| Побарувања од купувачи | (575) | | 334 | |
| Останати побарувања | 752 | | 3.982 | |
| Залихи | 329 | | (156) | |
| Обврски спрема добавувачи | (9.734) | | (492) | |
| Останати краткорочни обврски | (89) | | (10.329) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | **26.480** | | **8.449** |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | |
| Набавка на основни средства | (12.532) | | (5.596) | |
| Продажба на основни средтсва | - | | - | |
| Дадени депозити | (14.000) | | | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | **(26.532)** | | **(5.596)** |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | |
| Вратени/примени кредити | (12.747) | | (8.067) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | **(12.747)** | | **(8.067)** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | **(12.799)** | | **(5.214)** | |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | **27.110** | | **32.324** | |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | **14.311** | | **27.110** | |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи***

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

Друштвото за бањски туризам и телесна рехабилитација Дебарски Бањи - Цапа АД Дебар (натаму: Друштвото) е акционерско друштво, запишано во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија со единствен матичен број на субјектот 4001150.

Седиштето на Друштвото е во Дебар на улица 8-ми Септември, број 9.

Основната дејност на Друштвото согласно Тековната состојба од Централниот Регистар е 86.90 - Други дејности за здравствена заштита.

Друштвото има издадено вкупно 21.000 акции и структурата на основната главнина за годината што завршува на 31 Декември 2022 година е 20.970 обични акции во сопственост на физички лица и 30 обични акции во сопственост на правни лица.

Друштвото има основано приватна здравствена установа - специјална болница по физикална медицина. Целта на основање на приватна здравствена установа е проширување на деловната соработка со Фондот за здравствено осигурување и во делот на болничкото сместување.

Друштвото има регистрирано пет подружници:

- Подружница Бања Бањиште с. Бањиште,
- Подружница Долно Косоврасти с. Долно Косоврасти Дебар,
- Подружница Угостителски оддел Дебар,
- Подружница Аква Спарк Дебар,
- Подружница Спринг Дебар, и
- Подружница Вила Велнес Баниште Дебар.

Друштвото за вршење на својата дејност користи извори на термо - минерални води за кои во 2010 година има склучено два Договора со Владата на Република Северна Македонија за период од 30 години, со можност за продолжување, за концесија за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот С.Д. Косоврасти и С. Бањиште.

Друштвото не составува Консолидирани финансиски извештаи и ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2022 и на 31.12.2021 година ги опфаќа само податоците искажани во овие финансиски извештаи (Види Белешка 12).

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/04 ...Службен весник на РСМ бр. 99/22) и ("Службен весник на РСМ" бр. 215/21….99/22) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на РМ" бр. 159/09 и 107/11). Според овој Правилник се пропишува водењето сметководство во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ) вклучувајќи ги и Толкувањата на постојниот комитет за толкување (ПКТ) и Толкувања на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување објавени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (КТМФИ) издадени на 1 јануари 2009 година.

Финансиските извештаи се подготвени според моделот на набавна вредност, како основа за мерење, освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Во финансиските извештаи извршени се рекласификации на одредени позиции согласно барањата на МСС 1 - Презентирање на финансиските извештаи.

Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги примени сметководствените политики обелоденети подолу, а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива во Република Северна Македонија.

Веројатноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

Овие финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2022 и 2021 година. Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено. Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена согласно промените во презентацијата во тековната година.

Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Друштвото.

### 2.2 Подготовка во услови на инфлација

Раководството е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија.

### 2.3 Износи искажани во странска валута

Средствата и обврските во странска валута се искажуваат во МКД според среден девизен курс на НБРСМ на денот на составување на Извештајот за финансиската состојба. Трансакциите кои што се извршени во странска валута се изразуваат во МКД по девизниот курс на денот на трансакцијата. Сите разлики од промените на девизните курсеви се признаени во Извештајот за сеопфатна добивка.

### 2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките во Извештајот за финансиската состојба се:

| **Валута** | **31 Декември 2022** | | **31 Декември 2021** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61,4932 | Денари | 61,6270 | Денари |
| 1 ЦХФ | 62,4487 | Денари | 59,4683 | Денари |

### 2.5 Споредбени показатели

Финансиските извештаи за 2021 година се ревидирани, со што се овозможени споредбени показатели со финансиските извештаи за 2022 година.

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2022 и 2021.

### 3.1 Приходи од продажба

*Приходот од продажба* на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Извештајот за сопфатна добивка до степен на завршеност на услугите на крајот на периодот на известување. Степенот на завршеност се определува според евиденцијата за извршената работа.

Приходите од продажба на производи и стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

### 3.2 Приходи од закупнини

*Приходите од закупнини* се признаваат во Извештајот за сопфатна добивка само за соодветниот пресметковен период.

### 3.3 Приходи и расходи од финансирање

*Приходите и расходите од финансирање* ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Извештајот за сопфатна добивка кога се доставуваат за наплата.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивиденда.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

### 3.4 Недвижности и опрема

#### *3.4.1 Почетно вреднување*

*Недвижностите, постројките и опремата* се евидентираат според метод на набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба, намалена за одобрените попусти.

#### *3.4.2 По почетно вреднување*

По почетно вреднување недвижностите и опремата се вреднуваат по набавна вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби заради обезвреднување.

*3.4.3 Последователни издатоци*

*Издатоците направени за замена на дел* од недвижностите и опремата се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Извештајот за сеопфатна добивка во моментот на настанување.

*3.1.4 Амортизација*

*Амортизацијата* се пресметува по праволиниска метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на недвижности, опремата и други средства до нивната преостаната вредност. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на недвижностите и опремата , применети на некои позначајни ставки:

| | **Корисен век** | **Стапки** |
|---|---|---|
| Градежните објекти | 40 години | 2,5% |
| Опрема | од 4 до 20 години | 5% до 25% |
| Моторни возила | 4 години | 25% |

Трошоците за одржување и поправки се евидентираат како трошоци од редовно работење.

## 3.5 Вложувања во подружници

*Подружници* се правни лице во кои Друштвото има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува повеќе од една половина од гласачките права.

Постоењето на контрола и ефектот од поседувањето на гласовите се зема предвид при одредувањето дали Друштвото има контрола врз друго правно лице. Набавната вредност на вложувањето претставува објективна вредност на даденото средство. Друштвото ги евидентира вложувањата по нивната набавна вредност намалена за евентуално обезвреднување.

## 3.6 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се водат според номиналната вредност намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплативи.

Ненаплативите побарувања, се базираат на проценката на раководството за можноста за нивна наплата.

## 3.7 Краткорочни вложувања

Краткорочните вложувања се состојат од депозити кај финансиски институции и други пласмани кај банки. Исправката на вредноста се базира на проценката на раководството врз основа на соодветни фактори.

### 3.8 Залихи

*Залихите* се вреднуваат според пониската од набавната и нето реализационата вредност. Набавната вредност на залихите се состои од набавна цена, увозна царина, неповратни даноци, трошоци за превоз и други трошоци кои настанале во врска со набавката намалена за одобрените попусти.

Нето реализационата вредност претставува проценета продажна вредност во редовниот тек на работење намалена за трошоците за продажба.

*Залихите на ситен инвентар* Друштвото ги вреднува по набавна цена. При давање во употреба, вредноста на ситниот инвентар во целост се евидентира како трошок.

Вредносните усогласувања (исправките) кои се евидентираат на товар на останати расходи се прават во случаи кога ќе се оцени дека е потребно сметководствената вредност на залихите да се сведе на нивната нето реализациона вредност.

### 3.9 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат пари на сметки во банки, во благајна, депозити на сметки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари.

### 3.10 Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

### 3.11 Обврски за кредити и други позајмици

Обврските за кредити почетно се евидентираат според нето примените средства. Главните извори на кредити се од банки и кредити и позајмици од други правни лица во земјата.

### 3.12 Обврски спрема добавувачи и останатите обврски

*Обврските спрема добавувачи и останатите обврски* се евидентираат според набавна вредност.

### 3.13 Обврски за даноци

*Даноците* се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Северна Македонија. Од 2014 година данокот на добивка се пресметува по стапка од 10% на основица утврдена како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи зголемени за непризнатите расходи и намалена за износите на кои во претходните даночни периоди е платен данок и други даночни ослободувања со кои се намалува даночната основа.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

Приходите од продажба се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Приходи од дадени услуги во земјата | 185.393 | 123.835 |
| Приходи од закупнини | 1.914 | 25 |
| *Вкупно приходи од продажба* | *187.307* | *123.860* |

## 5. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

Останатите оперативни приходи се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Приходи од вишоци | 356 | - |
| Приходи од субвенции, дотации и помош | 37 | 16.635 |
| Други приходи | 450 | 22 |
| *Вкупно останати оперативни приходи* | *843* | *16.657* |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ И НАБАВНА ВРЕДНОСТ

Трошоците за суровини и материјали и набавна вредност се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 43.604 | 28.372 |
| Потрошено гориво и нафта за греење | 5.049 | 4.022 |
| Потрошена електрична енергија | 3.853 | 12.717 |
| Потрошени резервни делови, ситен инвентар и авто гуми | 3.526 | 2.438 |
| *Вкупно трошоци за суровини и материјали* | *56.032* | *47.549* |
| Набавна вредност на трговски стоки | 4.019 | 3.717 |
| *Вкупно трошоци за суровини и материјали и набавна вредност* | *60.051* | *51.266* |

Потрошените суровини и материјали во вкупен износ од 43.604 илјади денари во најголем дел се од: потрошени прехранбени продукти за исхрана на гостите, потрошени материјали за чистење и одржување на просториите, потрошен канцелариски материјал и друго.

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за плати, надоместоци, како и даноците и придонесите за вработените се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Нето плати | 45.843 | 40.927 |
| Персонален данок и придонеси од плати | 20.405 | 19.012 |
| Останати трошоци за вработените | 5.833 | 4.029 |
| *Вкупно трошоци за вработените* | *72.081* | *63.968* |

## 8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Останатите оперативни расходи од работење се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Услуги за тековно одржување | 2.297 | 2.039 |
| Комунални услуги | 1.395 | 265 |
| ПТТ услуги | 458 | 366 |
| Трошоци за пропаганда и реклама | 208 | 6 |
| Трошоци за концесии | 1.343 | 1.275 |
| Други трошоци | 10.832 | 4.637 |
| *Вкупно останати оперативни расходи* | *16.533* | *8.588* |

Другите трошоци во вкупен износ од 10.832 илјади денари во најголем дел опфаќаат: трошоци за договори на дело во износ од 2.690 илјади денари, надомест на членовите на управниот и надзорниот одбор во износ од 3.567 илјади и други трошоци.

## 9. НЕТО ПРИХОДИ (РАСХОДИ) ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите (расходите) од финансирање се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 1 | 2 |
| Расходи за камати | (3.689) | (1.587) |
| *Вкупно нето приходи (расходи)од финансирање* | *(3.688)* | *(1.585)* |

## 10. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

**Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во денари):**

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Добивка/загуба за годината | ***21.656.810*** | ***2.508.941*** |
| *Издадени обични акции на 1 Јануари 2022* | *21.000* | *21.000* |
| Ефект од откупени сопствени акции | - | - |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември 2022* | *21.000* | *21.000* |
| **Заработка/загуба по акција = (Добивка -дивиденда на приоритетни акции или загуба) / просечен број на обични акции)** | ***1.031,28*** | ***119,47*** |

## 11. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА

Недвижностите и опремата се состојат од следново (во 000 денари):

| 2022 | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | 43.626 | 397.012 | 60.447 | - | 501.085 |
| Зголемување | - | - | 1.130 | 11.403 | 12.533 |
| Намалување | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2022 | 43.626 | 397.012 | 61.577 | 11.403 | 513.618 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2022 | - | 137.990 | 50.622 | - | 188.612 |
| Депрецијација за 2022 | - | 9.061 | 2.519 | - | 11.580 |
| Намалување | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2022 | - | 147.051 | 53.141 | - | 200.192 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2022*** | ***43.626*** | ***249.961*** | ***8.436*** | ***11.403*** | ***313.426*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2022*** | ***43.626*** | ***259.022*** | ***9.825*** | ***-*** | ***312.473*** |

| 2021 | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 | 43.626 | 362.424 | 59.712 | 29.727 | 495.489 |
| Зголемување | - | 34.588 | 735 | 4.861 | 40.184 |
| Намалување | - | - | - | (34.588) | (34.588) |
| Салдо на 31 Декември 2021 | 43.626 | 397.012 | 60.447 | - | 501.085 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| Салдо на 1 Јануари 2021 | - | 128.929 | 47.410 | - | 176.339 |
| Депрецијација за 2021 | - | 9.061 | 3.212 | - | 12.273 |
| Намалување | - | - | - | - | - |
| Салдо на 31 Декември 2021 | - | 137.990 | 50.622 | - | 188.612 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2021*** | ***43.626*** | ***259.022*** | ***9.825*** | ***-*** | ***312.473*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2021*** | ***43.626*** | ***233.495*** | ***12.302*** | ***29.727*** | ***319.150*** |

Дел од градежните објекти кои се во сопственост на Друштвото се под хипотека согласно Договор за рамковен револвинг кредит лимит на движен и недвижен имот бр.07-80/1 од 22.06.2006 година и Анекс 1, 2 и 3 кон истоимениот договор и согласно Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на недвижен имот бр.РМ2020/221 склучен на ден 08.07.2020 година и Анекс број 1 склучен на ден 02.11.2020 година. (Види Белешка 18)

Зголемувањето на инвестициите во тек во износ од 11.403 илјади денари во најголем дел се должи на инвестиции во објект Дебарски Бањи-ЦАПА АД и објект Косоврасти.

## 12. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Финансиските вложувања се состојат од следново:

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Вложувања во ПЗУ | 310 | 310 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | *310* | *310* |

Друштвото има вложувања, односно е 100% основач на Приватна здравствена установа - специјална болница по физикална медицина и рехабилитација - "ДЕБАРСКИ БАЊИ - ЦА-ПА"со основна главнина од 310.000 денари (5.000 евра).

Друштвото не составува Консолидирани финансиски извештаи и ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2022 и 31.12.2021 година ги опфаќа само податоците искажани во финансиските извештаи на Дебарски бањи Цапа АД - Дебар.

## 13. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Суровини и материјали | 60 | 60 |
| Ситен инвентар | 10.336 | 10.371 |
| Трговска стока | - | 294 |
| *Вкупно залихи* | *10.396* | *10.725* |

Сметководствената политика за залихите е дадена во Белешката 3 под 3.8 Залихи.

## 14. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Побарувањата од купувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 1.929 | 1.354 |
| *Вкупно побарувања од купувачи* | *1.929* | *1.354* |

## 15. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Другите краткорочни побарувања се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Позајмици | 200 | 200 |
| Побарувања од државни поддршки | - | - |
| Депозити во банка | 14.000 | - |
| Други побарувања | 953 | 1.705 |
| *Вкупно други краткорочни побарувања* | *15.153* | *1.905* |

Депозитите во банка се врз основа на:

- Договор за орочен денарски ненаменски депозит со број ДП 2022/91 склучен со ТТК Банка АД Скопје на 05.10.2022 година на износ од 7.000 илјади денари. Паричните средства се орочени на период од три месеци, до 05.01.2023 година, со фиксна каматна стапка од 0,95% годишно;
- Договор за ненаменски денарски депозит број ДП2022/984 склучен со Ханлкбанк АД Скопје на износ од 7.000 илјади денари. Паричните средства се орочени на период од 13 месеци, до 14.11.2023 година, со каматна стапка во висина од 0,35 % годишно.

Другите побарувања во износ од 953 илјади денари во најголем дел се состојат од побарувања за дадени аванси.

## 16. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2022 | 31 Декември 2021 |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 12.925 | 25.650 |
| Парични средства на девизна сметка | 45 | 210 |
| Парични средства во благајна | 1.341 | 1.250 |
| *Вкупно парични средства* | *14.311* | *27.110* |

## 17. СОСТОЈБА НА ГЛАВНИНАТА

Друштвото во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија има запишано основна главнина во износ од 1.073.713 евра, односно во денарска противвредност од 65.241.400 денари.

Законската резерва се формира по пат на издвојување на процент (5%) од добивката согласно општиот акт на Друштвото.

Друштвото има обврска да издвојува законска резерва сé додека износот на резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од главнината.

До колку создадената резерва се намали, мора да се надомести сé додека не го достигне пропишаниот минимум. Законската резерва може да се употребува за покривање на загубата.

Кога законската резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на загубата, Собранието на акционерите може да донесе Одлука, вишокот да се користи за дополнување на дивиденда, до колку истиот за деловната година не го достигне најмалиот пропишан износ.

Усогласувањето и движењето во главнината и резервите е даден во Извештајот за промените во главнината за годината што завршува на 31 Декември 2022, на страна 7.

### 17.1 Состојба на акциите

Состојбата на бројот на акциите по родови на акции и сопственици е следнава:

| Родови на акции | Во сопственост на 2022 | Состојба 01.01.22 | % | Зголем. | намал. | 31.12.22 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обични акции | Физички лица | 20.970 | 99,86% | - | - | 20.970 | 99,86% |
| | Правни лица | 30 | 0,14% | - | - | 30 | 0,14% |
| | Вкупно | 21.000 | 100% | - | - | 21.000 | 100% |

| Родови на акции | Во сопственост на 2021 | Состојба 01.01.21 | % | Зголем. | намал. | 31.12.21 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обични акции | Физички лица | 20.970 | 99,86% | - | - | 20.970 | 99,86% |
| | Правни лица | 30 | 0,14% | - | - | 30 | 0,14% |
| | Вкупно | 21.000 | 100% | - | - | 21.000 | 100% |

Номиналната вредност на една акција изнесува 51 евро.

Вкупен број на сопственички позиции е 104. Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога ќе биде објавена и право на глас во Собранието на акционери.

## 18. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Долгорочни обврски по кредити | 53.569 | 64.787 |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *53.569* | *64.787* |

Долгорочните обврски се врз основа на одобрени долгорочни кредити:

- Договор за долгорочен девизен подкредит од ТТК Банка АД Скопје број К2016/8637 во износ од 500.000 ЕУР од Програмата за кредитирање на развојот на микро, мали и средни претпријатија склучен на ден 27.12.2016. Рокот на враќање на кредитот е 10 години со каматна стапка од 3 месечен ЕУРИБОР плус 3,75 процентни поени не помалку од 3,75% годишно. Каматната стапка е променлива и прилагодувањето се врши на квартална основа. За обезбедување на кредитот ќе служи: Договор за рамковен револвинг кредит врз основа на заложно право на движен и недвижен имот бр.07-80/1 од 22.06.2006 година и Анекс 1, 2 и 3 кон истоимениот договор;
- Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на недвижен имот бр.РМ2020/221 со Халкбанк АД Скопје склучен на ден 08.07.2020 година и Анекс број 1 склучен на ден 02.11.2020 година во износ од 850.000 евра со рок на враќање 120 месеци, односно до 08.07.2030 година. Како обезбедување кредитот се користи хипотека- заложно право на недвижен имот и тоа имотен лист бр.223 КО Баниште и имотен лист бр. 245 КО Баниште. Врз основа на овој договор, одобрени се следниве кредити:
  - Договор за под-кредит бр.КР2020/12344 од 09.07.2020 година на износ од 500.000 евра, каматна стапка во висина до 1,6% годишно фиксна и рок на враќање до 31.07.2025 година;
  - Договор за долгорочен кредит бр.КР2020/29934 од 20.11.2020 година на износ од 350.000 евра, каматна стапка од 6 месечен ЕУРИБОР, зголемен за 3,5 процентни поени и рок на враќање до 30.11.2028.

## 19. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Краткорочните обврски спрема добавувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 7.801 | 17.535 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи* | *7.801* | *17.535* |

## 20. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Другите краткорочни обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| Обврски за краткорочни кредити и камати по кредити | 13.151 | 14.681 |
| Обврски за примени аванси | 21.017 | 21.017 |
| Други обврски | 9.900 | 7.427 |
| *Вкупно други краткорочни обврски* | *44.068* | *43.125* |

Обврските по краткорочни кредити се врз основа на:

- Договор за кредит со ТТК Банка АД Скопје број К2022/2992 склучен на ден 12.05.2022 година на износ од 9.000 илјади денари, со рок на враќање 12 месеци и фиксна каматна стапка од 5% годишно. Како обезбедување на кредитот служи заложното право засновано врз основа на Договор за рамковен револвинг кредит лимит бр.07-80/1 од 22.02.2006 година и Анекс 1, 2 и 3 кон истоимениот договор;
- Договор за кредит со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје КФ/ДИР/0/32 склучен на ден 27.05.2020 година на износ од 5.535 илјади денари, со рок на отплата 3 години со вклучен грејс период 12 месеци и каматна стапка 0%.

Обврските за примени аванси во износ од 21.017 илјади денари се примени аванси од ПЗУ Дебарски Бањи - Цапа (поврзан субјект).

## 21. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

### 21.1 Идентификација на поврзани субјекти

Поврзани субјекти на друштвото се:

| | **31 Декември 2022** | **31 Декември 2021** |
|---|---|---|
| ПЗУ Дебарски Бањи - Цапа | 100% | 100,00% |

### 21.2 Трансакции со поврзани субјекти во земјата

Побарувањата и обврските помеѓу Друштвото и поврзаните субјекти со состојба на 31 Декември 2022 година се следните: (000 денари)

| | **Побарувања** | | **Обврски** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2022** | **2021** | **2022** | **2021** |
| ПЗУ Дебарски Бањи - Цапа | - | - | 25.698 | 25.698 |

Трансакциите со поврзаните страни се вршат по заеднички договорени цени и услови.

## 22. ОБВРСКА ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА

*Даноците* се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Северна Македонија. Од 2014 година данокот на добивка се пресметува по стапка од 10% на основица утврдена како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи зголемени за непризнатите расходи и намалена за износите на кои во претходните даночни периоди е платен данок и други даночни ослободувања со кои се намалува даночната основа.

## 23. ДАНОЧЕН РИЗИК

Од страна на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија кај Друштвото е извршена контрола за данок на добивка за период 01.01.2019-31.12.2019 година.

За останатите јавни давачки кај Друштвото нема извршено контрола, и како последица на тоа, би можело некои трансакции да бидат оспорени од страна на даночните органи и Друштвото би можело да се соочи со дополнителни даноци, казни и камати, кои би можеле да бидат значајни. Периодот за кој даночните и царинските органи можат да направат контрола со цел утврдување на даночните обврски на Друштвото е пет години.

## 24. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 24.1 Девизен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради користење на услугите на Друштвото од страна на странски гости. Исто така долгорочните обврски по кредити на Друштвото се искажани во странска валута. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на странските валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик. Според ова Друштвото е изложено на можни флуктации на странските валути кои сепак се ограничени поради фактот дека најголем број на трансакции и обврската по кредити е во Евра, чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

## 25. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

Друштвото води судски постапки  во кои се јавува како тужител кон Управата за Јавни приходи заради барање на ништовност на решение за враќање на финансиска поддршка во износ од 2.912 илјади денари.

Друштвото води судски постапки во кои се јавува како тужена страна во значително нематеријален износ.

## 26. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По 31 Декември 2022 година – датумот на известувањето до датумот на одобрување на финасиските извештаи не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.